**Зоран Матевски**
**Институт за социологија**
**Филозофски факултет-Скопје**

# МЕЃУЕТНИЧКА СОРАБОТКА ВО СФЕРАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО -ПРИМЕР ЗА ДИЈАЛОГ МЕЃУ НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР И ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

На полето на меѓуетничките односи и меѓуетничката соработка во Република Македонија, во моментов, се работат многу значајни социолошки проекти. Тоа, пред сé, се должи на потребата на современото македонско општество од релевантни социолошки сознанија кои ќе му помогнат правилно да ги акцептира сите феномени врзани со овие социолошки проблеми. Од тука јасно е дека овој вид на проекти освен научно имаат и големо општествено - практично значење.

Друга тема која е од исклучително значење за трансформацијата на македонското општество, е несомнено образованието, кое трпи значајни квалитативни промени. Заради тоа и ова поле е подложно на значајни социолошки истражувања. Меѓуетничката соработка и меѓусебната толеранција на етничките групи во сферата на образованието е веројатно "топ тема" за македонската социологија, од една страна и за државните институции, од друга страна.

Во моментов еден од најзначајните зафати на ова поле е проектот "Година за преод". За каков проект се работи? Основната цел на проектот е да им се помогне на албанските матуранти да се запишат на универзитетите во Република Македонија. Со самото тоа, преку процесот на образованието ќе се овозможи поуспешна интеграција на припадниците од албанската етничка заедница во македонското општество. Проектот започна со албанското етничко малцинство како најбројно, но во наредниот период во него се предвидува да бидат вклучени и припадниците на останатите малцински групи (Турци, Роми, Власи итн.).

Проектот започна со својата практична реализација во 1997 година и се предвидува да трае до 2003 година, а можеби и многу подолго.

Проектот е наменет за едуцирање на матурантите од албанска националност, со цел да им помогне успешно да ги положат испитите на Универзитетите "Св. Кирил и Методиј" - Скопје и "Св. Климент Охридски" - Битола. Тоа се прави за да се оствари базичната идеја на проектот - зголемување на бројот на албанските студенти на овие два универзитета.

Пред да започнеме со реализацијата на проектот беа направени истражувања за причините на релативно малиот (незадоволувачки) број на студенти од албанска националност на нашите универзитети. Сондирањето на причините за ваквата состојба, беа направени во текот на 1997 година. Испитувањето покажа дека, меѓу другите, главна причина за недоволната присутност на Албанците на овие универзитети главно лежи во нивното ниско ниво на покажани резултати на приемните испити. И покрај постоењето на квоти за националностите при упис на факултетите, бројот на албанските студенти сѐ уште беше и е незадоволителен.

Причините за покажаните незадоволителни резултати на приемните испити за најголем број на албански кандидати се повеќестрани. Сепак, испитувањата (сондирање на ставовите на албанските матуранти од гимназиите во Скопје, Тетово и Куманово) како основни причини за слабите резултати ги потенцираа следните:

-Недоволно познавање на македонскиот јазик (не е нивни мајчин јазик)

- Особено слабо познавање на македонската терминологија која е исклучиво присутна во тестовите за приемните испити

-Недоволно познавање на содржините потребни за полагање на приемните испити

Сето ова не доведе до заклучок дека треба да им помогнеме на албанските матуранти да ги научат содржините преку учење на јазичните елементи, особено терминологијата и правењето на правилни јазични конструкции. Заради тоа и проектот спонтано го доби своето име: CONTENT - BASED APPROACH. Тоа значеше дека нашиот основен пристап мора да биде таков што ќе им овозможи на албанските деца да ги учат содржините кои се бараат за приемен испит, пред сѐ ,преку учење и вежбање на македонската научна терминологија.

Откако ги апсолвиравме основните цели на проектот почнавме со неговата практична реализација (1998/1999). Бидејќи најфлуентни предмети при полагањето на приемните испити во тоа време беа биологија, математика и социологија, почнавме со подготовка на албански матуранти за овие три предмети. Во подоцнежниот период во програмата ги вклучивме и предметите право, физика и хемија. Реализацијата на програмата ја започнавме во три града во Република Македонија и тоа во гимназиите **"Зеф-Љуш Марку" - Скопје, "Кирил Пејчиновиќ" - Тетово и "Гоце Делчев" - Куманово.** Од училиштата беа избрани гимназиите од проста причина што "гимназијалците" најмногу претендираат кон упис на факултетите.

Во претходниот текст нагласивме дека пред се треба да се учи и вежба македонската терминологија. Тоа беше предуслов за адекватен методски пристап во реализацијата на подготвителните часови. Тоа значеше дека мораме наставниците да ги "изместиме" од центарот на реализирањето на наставата и да го поставиме ученикот во тој центар. Користејќи ги најновите достигнувања во областа на методиката почнавме со реализирање на часови во кои доминира дијалогот како основен метод и групна форма на работа и како најдоминантна во текот на изведбата на часот. На тој начин преку дијалогот, дебатите, интрагрупните и интергрупните дискусии албанските матуранти, пред сé, го вежбаа македонскиот јазик, особено неговата научна терминологија и правењето правилни јазични конструкции. На тој начин учениците ги доведовме во ситуација да влезат во процесот на **самоучење и евалуација (самооценување)** на нивното напредување во процесот на учењето.

За да го постигнеме сето тоа, направивме единствен пример во светот за начинот на реализирање на наставата. Тоа е **тимската настава** (два наставника).Часовите почнаа да ги реализираат, во исто време еден албански и еден македонски наставник по односните предмети. Освен методичките придобивки од овој тип на настава, таа ни овозможи да создадеме исклучително позитивна атмосфера меѓу учениците при нивното "самоучење" на содржините потребни за полагање на приемните испити. Учениците многу го засакаа овој тип на настава и тоа им помогна да ги искористат сите свои рационални и емоционални капацитети при изведбата на часовите.

Треба да истакнеме дека при реализацијата на часовите албанскиот и македонскиот наставник се комплетно рамноправни. Кај нив се разви и практично се спроведе и кооперативност и исклучителна позитивна атмосфера при реализацијата на наставата. Овој нивни позитивен набој се пренесе и на учениците што сметам дека е голема придобивка. Тоа значи дека освен научните придобивки од реализацијата на оваа програма, во многу придонесовме и за решавање на некои општествено - практични проблеми, како што е, на пример, релаксирањето на меѓуетничките односи и создавање на чувство кај матурантите од албанска националност за меѓуетничка толеранција.

Наставата се одржуваше секоја сабота во средните училишта каде има паралелки со албански ученици. Учениците слушаа по избор блок часови (90 минути) за секој од шесте предмети (во зависност од тоа за кој факултет ученикот го подготвува приемниот испит).

По завршувањето со реализацијата на програмата во првата година, со нетрпение ги очекувавме резултатите од приемните испити кои беа надвор од сите наши оптимистички очекувања. Околу 70 отсто од матурантите кои ја следеа нашата програма успеаја да се запишат на факултетите на кои конкурираа. Тоа ни овозможи да ја прошириме програмата (во учебната 1999/ 2000) за уште три предмети (хемија физика и право). Освен тоа, пред да ја реализираме програмата во втората учебна година, направивме рекламен материјал (брошури), со што успеавме да ги анимираме и родителите на албанските матуранти. За да ја афирмираме ***Програмата за преод*** кај пошироката албанска етничка заедница направивме неколку интервјуа кои беа објавени во печатот на албански јазик во Македонија. За успешната реализација на програмата многу ни помогнаа и директорите на трите училишта, со својот позитивен однос.

Исто така, мораме да го истакнеме и исклучителниот придонес на Министерството за образование, кое преку компетентни претставници (министерот, заменик министерот, потсекретарите итн), секогаш ни даваше несебична помош (суштинска и логистичка) во реализација на програмата.

Сепак, мора да истакнеме дека секогаш сé не одеше во најдобар ред. Во одредени периоди во реализацијата на програмата се соочувавме со извесни проблеми. Тие проблеми генерално можеме да ги сумираме во следниве:

-намалување на бројот на учениците во текот на реализирањето на наставата (крајниот број секогаш ни беше помал од оној број на почетно пријавените);

-албанските наставници од трите училишта (особено во Куманово) кои не беа вклучени во реализацијата на програмата ни правеа одредени опструкции;

-одреден дел од албанската етничка заедница не беше секогаш позитивно настроен кон реализацијата на програмата;

-во одредени периоди и директорите на училиштата не беа доволно инволвирани во практичната реализација на програмата

Сепак, со несебична помош и влијание на Високиот комесар за национални малцинства на OSCE и Министерството за образование на Република Македонија успеавме да ги надминеме овие проблеми. Меѓутоа, во реализацијата на програмата во наредните години ќе се обидеме да ги надминеме посочените слабости. Затоа што генерално кажано, придобивките од реализацијата на *Програмата за преод*, од сите релевантни фактори (OSCE, холандската амбасада, Министерството за образование на Република Македонија, релевантните политички субјекти на албанската етничка заедница) програмата ја проширивме и унапредивме. За учебната 2000/2001 програмата ја развивме на уште четири нови општини во Република Македонија (**Гостивар, Кичево, Дебар и Струга**). Со тоа практично реализацијата на програмата ги покри сите училишта во земјава каде што учат деца од албанска националност.

За практична реализација на програмата беа изработени прирачници за наставниците и учениците. Тие во никој случај не беа шаблон, туку само еден патоказ за наставниците и учениците преку кој во целост можеа да ја демонстрираат својата инвентивност и креативност во реализацијата на часот. За да го илустрираме ова, во понатамошниот дел од текстот ќе прикажеме идејна концепција за реализација на една тема по социологија.

# ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

**1.Наставна единица бр.9**

**2.Тема: Настанокот на човекот општеството и културата**

**3.Наслов:**

## Р Е Л И Г И Ј А

**4. Цел на часот:**

Учениците треба да го стекнат соодветното знаење (и потребната вештина на јазикот) за религијата како еден од најзначајните општествени феномени, нејзиното потекло, варијетети на религии, индивидуалните и општествените функции на религијата.

**5. Задачи на часот:**

**А - содржина** - ученикот е способен преку индикаторите на религиозноста јасно да утврди кој е верник, а кој не. Доколку е верник, ученикот јасно го распознава истиот на која конфесионална заедница му припаѓа.

**Б - јазик** - ученикот е способен да ги распознае поимите "религија","варијетети на религија" и "функции на религијата".

**В - стратегии на учење** - ученикоте е способен да извлече заклучоци за индивидуалните и општествените функции на религијата и да направи споредба меѓу нив.

**Мерила:**

- ученикот врз основа на конверзацијата јасно ги определува конститутивните елементи на религијата
- ученикот во самиот себе ги има разбрано индивидуалните функции на религијата
- ученикот во општествената заедница во која живее ги користи знаењата за општествените функции на религијата

**6.Време на реализација** - 90 минути

**7.Средства на реализација:** книги, видео снимки, предмети, модели, илустрации,слики. Учебник страна 41-45.

**8.Вовед**

1.**Наставник А и Б:** На учениците им читате делови од Куранот и од Стариот завет на Светото Писмо. **Наставник А:** Прашајте ги учениците што слушнале и спомнете ја темата на часот.

2.**Наставник А и Б:** На часот донесете доволен број на сакрални предмети. На пример крстови, полумесечини, свеќи, света вода, икони итн. Исто така донесете и голем број на фотографии од најразлични религиозни светилишта.

3.**Наставник Б:** Пуштете видео снимка во која еден верник ја кажува својата вистинска приказна како почнал да верува во Бога и зошто го направил тоа.

**9.Подготовка**

Објаснете ја **вежба 1. Наставник А:** По читањето на делови од Куранот и Библијата (текстот се наоѓа во форматот за ученици) замолете ги учениците да ви одговорат на прашањата за тоа дали им се прифатливи барањата во текстовите или не; постојат ли меѓу нив барања кои би можеле да им бидат прифатливи на сите без оглед дали веруваат во Господ или не (конкретните прашања се наоѓаат во форматот за ученици).

**Наставник Б**: Доколку некој од учениците не ја разбира суштината на некое од прашањата, вклучи се и дообјасни ги горенаведените прашања.

**Наставник А:** Стави ја на графоскоп и објасни ја следната шема: (во прилог фолија 1)

**Наставник Б**: Дообјасни ги поимите: **верување, ритуали, практично учество, световни (профани), свето (сакрално),морална заедница.**

Објаснете ја **вежба 2. Наставник А:** Прочитајте им ги на учениците Десетте божји заповеди (текстот се наоѓа во прирачникот за ученици).

**Наставник А:** Прашајте ги учениците дали можат да интерпретираат некои од тие заповеди; за чие добро постојат тие заповеди и каква е врската во таа смисла меѓу религијата и моралот (конкретните прашања се наоѓаа во прирачникот за ученици).

**Наставник Б:** Вклучи се во дискусијата доколку учениците не ги разбираат во целост некои од прашањата.

**Наставник А:** Прикажи ја на графоскоп следната шема (во прилог фолија 2) и објасни ги поимите што се наоѓаат во неа.

**Наставник Б:** Дообјасни ги поимите: **анимизам, тотемизам, теизам, политеизам, монотеизам.**

Објаснете ја **вежба 3. Наставник А и Б:** пуштете ја видео снимката во која се гледа и слуша исповедта на еден верник.Учениците треба да размислат и продискутираат за индивидуалните функции на религијата.

**Наставник А:** По гледањето на видеоснимката подискутирај со учениците за индивидуалните функции на религијата

**Наставник А:** Пушти ја и објасни ја следната шема (во прилог фолија 3)

**Наставник Б:** Вклучи се во дискусијата со објаснување на значењето на одделни поими и евентуалните разлики во нивното објаснување кои доаѓаат од спецификите на македонскиот и албанскиот јазик (**страв од непознато, од болест, од смрт, од неизвесност, поглед на свет,конечни прашања, кризни моменти)**

**Вежба 4.** ("бура на идеи" - "brain - storming"): **Наставник А:** Наведи ги учениците да изнесат што е можно повеќе идеи за општествените функции на религијата.

**Наставник Б:** Рамноправно вклучи се во дискусијата

**Наставник А:** Објасни ја следната шема (во прилог фолија4)

**Наставник Б:** Дообјасни ги поимите **(афирмирање на позитивните вредности, страв од Божја казна, чувство на припадност, општествена интеграција)**

**Вежба 5.Наставник А и Б:** Задајте им на учениците да пополнат прашалник за сопствениот однос кон Бога и религијата.Учениците се анкетираат себе си.

**10.Активности**

**1.Индивидуална работа - Наставник А и Б:** Дајте им можност на учениците да си кажат што прочитале, слушнале или виделе врз база на листа на зборови.

**2.Тимска работа - Наставник А и Б:** Поделете ги учениците на група А, група Б и група В. Во група А се ученици кои веруваат во Бога, во група Б се ученици кои не веруваат во Бога и во група В се ученици кои се колебаат меѓу едeното и другото. Дајте им на учениците да дискутираат аргументирано за и против постоењето на Бога.

**3.Презентација - Наставник А:** Дозволете им на групите да ги презентираат своите согледувања, и да дадат мислење во врска со темата и да дебатираат интергрупно.

**4.Вокабулар - Наставник Б:** Детално објасни ги следните поими: ***религија, профано, сакрално, верување, ритуали, морална заедница,анимизам, натуризам, социологизам, тотеизам, теизам, политеизам, монотеизам, Бог, хиндуизам, јудаизам, христијанство, православие, католицизам, протестантизам, ислам, мухамеданство, муслиманство, будизам, конфучијанство, таоизам, шинтуизам, индивидуална функција, општествена функција.***

**11.Евалуација**

**Наставник А и Б:** Прашајте ги учениците дали сте ја постигнале целта на оваа наставна единица? Кои заклучоци можат да ги изведат од претходните прашања? Дали сте задоволни од начинот на работа? Ако не, што треба да сториш за да бидеш поуспешен следниот пат? Оценете ја успешноста на часот врз основа на мерилата.

Од сето тоа што претходно го кажавме, можеме да ги истакнеме генералните придобивки на програмата. Сумирано кажано тоа се следните:

Покажани се

1.Повисоки резултати при полагање на приемните испити за влез во универзитетите кај албанските кандидати. Тоа значи дека значително го зголемивме нивното знаење за одредената социолошка и друга проблематика кај учениците од албанска националност.

2.Околу 85 отсто од слушателите на нашата програма успеаја да ги положат приемните испити и да се запишат на факултетите во Република Македонија. Тоа претпоставува нивна поголема интегрираност во македонскиот високошколски образовен систем, што недостасуваше претходните години.

3.Голем број на ученици кои се запишаа на факултетите се од женски пол. Тоа во основа ја менува улогата и положбата на албанската жена во македонското општество (се еманципира, се вработува, се вклучува во современите текови на општествениот живот).

4.Го промовиравме значењето на наставата во двојки (еден албанец и еден македонец). Тоа е можеби и единствен пример во светот. Нивната перманентна соработка и позитивен емоционален набој во текот на часот ја инкорпорира во главите на учениците идејата за безусловна етничка толеранција и соработка.

5.Бидејќи програмата е надвор од регуларниот образовен систем и се реализира со најсовремени наставни методи, форми на наставна работа и наставни средства и помагала, таа како магнет ги привлекува учениците да учествуваат во проектот Програма за преод.

6.Со оглед на тоа што следењето на програмата е бесплатно, тоа им овозможува и на децата од понизок социјален статус да учествуваат во програмата, што е од исклучително значење.

На крајот да заклучиме дека овој проект е своевидна социолошка експертиза, која што се наоѓа меѓу цивилното општество и државата. Зошто е тоа така?

Проектот од една страна е во сферата на граѓанското општество. Како прво, подготвувајќи ги децата за приемни испити, меѓу другото, нуди содржини од граѓанското образование и социологијата. Како второ, проектот е воден од невладини организации. Како трето, се одвива надвор од наставниот процес.

Како четврто, програмата е од доброволен карактер и за наставниците и за учениците кои ја реализираат. Од друга страна, проектот е врзан и со државата од неколку аспекти. Како прво, истиот е поддржан од Министерството за образование кое му дава поддршка од логистички карактер без да се меша во содржините и начинот на реализација на проектот. Како второ, Програмата за преод се одвива во гимназиите кои се државни институции и со наставници кои се регуларно вработени во нив. Како трето, проектот ужива несебична поддршка од афирмативен карактер и од страна на албанскиот политички фактор, кој во моментов е во владејачката коалиција, што е исклучително значајно.

Со други зборови, проектот и реализацијата на програмата е прекрасен пример за развој на дијалогот помеѓу цивилното општество и државата, и многу интересен пример за извонредно успешна соработка меѓу невладиниот сектор и државните образовни институции.

**Ph. D. Zoran Matevski**

## MUTUAL ETHNIC COOPERATION IN THE SPHERE OF EDUCATION AS A SAMPLE OF DIALOGUE BETWEEN THE NON GOVERNMENT SECTOR AND STATE INSTITUTIONS

### SUMMARY

At the moment, "Year of Transition" project is one of the most important happenings on this field. Basic aim of this project is to help Albanian students who finish high school, enroll themselves at one of the Universities in the Republic of Macedonia. In that way, using the process of education the Albanian aehnic community would be more successfully integrated in the Macedonian society.

From what we had said in the text, previously we can summarize the basic aims of the program. They are the following:

1.Albanian students achieve better results on the enterance examination at the universities. That means that we had enlarged their knowledge for certain sociological problems.

2.About 85% of the students who follow our program succeeded to enroll themselves at the universities in The Republic of Macedonia. In that way,

they became more integrated in Macedonian university education, that wasn`t a case in the previous years.

3.Great number of students who enrolled at the university are females. This changes the position of the Albanian woman in the Macedonian society (emacipation, employment, engaging in the modern way of living).

4.We promoted the importance of teaching in pairs (one Albanian and one Macedonian teacher). Probably, this is a unique sample in the whole world. The permanent cooperation and positive emotional atmosphere during the lessons incorporated in student`s heads the idea for ethnic toleration and cooperation.

5.Because the program takes place outside the regular educational process and it is realized according to newest educational methods, forms,types of work and by modern teaching means, students are attracted to participate in the project Program of Transition.

Since following the program is free of charge, it gives possibility to the students from the socialgroups (handicapped social groups) chance to take part in the program, what is considered to be very important.